**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ СМЕТКОВОДСТВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1702-34/13 од 22.1.2014 година донесена на 71. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 22.1.2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент за научната област сметководство (1 извршител) на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, во состав:

- доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, вработена на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип - претседател;
- доц.д-р Александар Костадиновски, вработен на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип – член;
- доц. д-р Јанка Димитрова, вработена на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип – член.

Согласно со Конкурсот, објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 25.12.2013 година, потребна е следнава документација:

1. Пријава;
2. Диплома за завршено соодветно образование - за одбранет магистерски/докторски труд (еден примерок од дипломата во оригинал и три копии заверени кај нотар; странските дипломи да се нострифицирани и дополнети со еквиваленција на оценките);
3. Кратка биографија (во четири примероци);
4. Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
5. Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал - доколку има);
6. Еден примерок од магистерски труд;
7. Уверение за државјанство.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс за избор на еден асистент за научната област сметководство на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, се пријавија двајца кандидати: м-р Марија Јованова и м-р Благица Колева.

Комисијата ги разгледа доставените документи од кандидатите. Од приложената документација на пријавените кандидати, според Конкурсот, може да се види следниов преглед:

**ПРЕГЛЕД**
**на доставена документација од пријавените кандидати**

| *Документ/ кандидат* | *М-р Марија Јованова* | *М-р Благица Колева* |
|---|---|---|
| **Пријава** | Има | Има |
| **Диплома (1 оригинал и 3 копии заверени кај нотар)** | Има (област сметководство, финансии и ревизија) | Има (област сметководство) |
| **Кратка биографија во 4 примероци** | Има | Има |
| **Потврда за странски јазик** | Има | Има |
| **Список на објавени трудови** | **Нема** | Има 30 трудови, со примероци, и листа на нивна објава на репозиториумот на УГД |
| **Магистерски труд** | Има | Има |
| **Уверение за државјанство** | Има | Има |

**I Евалуација на кандидатката м-р Марија Јованова**

Согласно со горниот преглед, **м-р Марија Јованова** ги достави следниве документи:

1. Пријава;
2. Диплома за завршено соодветно образование - магистер по сметководство, финансии и ревизија (еден примерок од дипломата во оригинал и три копии заверени кај нотар);
3. Кратка биографија (CV) во четири примероци;
4. Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
5. Примерок од магистерски труд;
6. Уверение за државјанство – оригинал.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Марија Јованова** е родена на 1 декември 1987 година во Струмица. Средно училиште завршува во Струмица, во Средното општинско училиште „Јане Сандански", насока Економски техничар. Дипломира на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, на насоката Сметководство, финансии и ревизија. Постдипломските студии ги завршува на Економскиот факултет во Прилеп, на насоката Сметководство, финансии и ревизија, со одбрана на магистерскиот труд со наслов „*Интерната ревизија како сервис на менаџментот за подобрување на економската ефикасност кај деловните субјекти во Република Македонија*". Одбраната на магистерскиот труд под менторство на проф. д-р Пеце Николовски е извршена на 27 септември 2013 год.

Кандидатката Марија Николова нема доставено листа на објавени научни и стручни трудови, ниту потврда за какво било работно искуство во областа за која конкурира.

**II Евалуација на кандидатката м-р Благица Колева**

Согласно со прегледот, **м-р Благица Колева** ги достави следниве документи:

1. Пријава;
2. Диплома за завршено соодветно образование - магистер по економија (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар); странска диплома нострифицирана и дополнета со еквиваленција на оценките;
3. Кратка биографија (во четири примероци);
4. Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
5. Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите и листа на нивна објава во Репозиториум на УГД);
6. Примерок од магистерски труд;
7. Уверение за државјанство – оригинал.

***Биографски податоци***

**М-р Благица Колева** (Јованова) е родена на 5 октомври 1983 година во Струмица. Основно образование завршува во ОУ „Гоце Делчев“ во Василево. Средно образование завршува во 2002 година во ДСУ „Јане Сандански“ во Струмица – насока Економски техничар. Во учебната 2002/2003 година се запишува на Економскиот факултет при Стопанска академија „Димитар Апостолов Ценов“ во Свиштов, Р.Бугарија на отсек Сметководство и ревизија, каде што дипломира во јуни 2006 година, при што се стекнува со стручен назив дипломиран економист.

Во учебната 2006/2007 година се запишува на постдипломски студии на Економски факултет, Стопанска академија „Димитар Апостолов Ценов“ во Свиштов, Р.Бугарија, на отсекот Сметководство и ревизија, каде што во октомври 2008 година се стекнува со научен степен магистер на економски науки од областа на сметководство и ревизија, со просечна оценка 9,63, по успешна одбрана на магистерскиот труд на тема „Финансиската анализа – инструмент на финансиската контрола“.

М-р Благица Колева го продолжува образованието со упис на трет циклус студии по менторски систем, во јули 2011 година, на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје - Економски институт - Скопје, на научната област сметководство и ревизија. Пријавената и одобрена тема за изработка на докторската дисертација со наслов *„Ревизорската етика и одговорност во современата професионална пракса на раководење со ревизијата“* е во тек на изработка.

Кандидатката м-р Благица Колева во периодот од јули 2007 год. до април 2010 год. работи како стручен соработник во Одделот за сметководство на ДТУТ „Столе компани-М“ - Струмица. Во периодот од ноември 2009 година до август 2011 година, м-р Благица Колева е ангажирана како волонтер во наставно-образовната работа на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. М-р Благица Колева од 2011 год. работи како помлад асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на повеќе предмети од областа на сметководството и ревизијата.

Кандидатката има особен придонес во реализацијата и учество во повеќе проекти, како активен член во организацијата на НВО Здружение на граѓани „Екумена“ - Василево, преку проекти финансирани од странски и домашни донатори. Проектите се именувани како: „Бир ики“, „Ликовен еко монмарт“, „Кружно движење на отпадот“, како и учество на меѓународен проект во Р.Бугарија, под наслов „Ефикасност и економски раст на индустрискиот бизнис во современите услови“.

М-р Благица Колева поседува: Уверение за овластен сметководител, издадено од Министерството за финансии; Уверение за положен испит за проценувач од областа на трговски друштва, јавни претпријатија и други правни лица, издадено од Министерството за економија.

Кандидатката има приложено и повеќе сертификати за учество на меѓународни научни конференции во земјата и во странство.

М-р Благица Колева е член на Комисија за прием на документи и уписи на студенти во прв циклус на студии за учебната 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014 на Економски факултет, член на Комисија за проверка на студентско досие на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Покрај активното користење на англискиот, бугарскиот и српскиот јазик, кандидатката има одлично познавање и на работа со компјутери: Ms Office: Word, Excel, PowerPoint, Visio, Microsoft Outlook; Business in a Box; SPSS; Internet.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност на кандидатката м-р Благица Колева***

***Наставно-образовна дејност***

Во рамките на своите досегашни ангажмани, м-р Благица Колева на Економки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип како вработена има изведувано вежби на прв циклус студии, на следниве наставни предмети:

| *Предмети Зимски семестар 2011/2012 година* | *Град* | *Насока* | *Студиска година* | *Семестар* | *Број на часови* |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Управувачко сметководство** | Штип | Финансиски менаџмент | IV (четврта) година | VIII семестар | 2*2=4 |
| | Струмица | Финансиски менаџмент | IV (четврта) година | VIII семестар | 2*2=4 |
| **2. Меѓународни сметководствени стандарди** | Штип | Здравствен менаџмент | II (втора) година | IV семестар | 1*2=2 |
| **Вкупно:** | | | | | **10 часа** |

| *Предмети Летен семестар 2012/2013 година* | *Град* | *Насока* | *Студиска година* | *Семестар* | *Број на часови* |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Сметководство** | Гевгелија | Бизнис и логистика | III (трета) година | VI семестар | 1*1=1 |
| | Скопје | Бизнис и логистика | III (трета) година | VI семестар | 1*1=1 |
| **2. Кредитна политика** | Штип | Финансиски менаџмент | III (трета) година | VI семестар | 2*1=2 |
| | Струмица | Финансиски менаџмент | III (трета) година | VI семестар | 1*1=1 |
| **3. Современи здравствени политики** | Штип | Здравствен менаџмент | III (трета) година | VI семестар | 1*2=2 |
| **4. Систем на здравствена заштита во Р.Македонија** | Штип | Здравствен менаџмент | III (трета) година | VI семестар | 1*2=2 |
| **5. Јавно здравство** | Штип | Здравствен менаџмент | I (прва) година | II семестар | 1*2=2 |
| **6. Економика, организација и финансирање на локално здравство** | Штип | Здравствен менаџмент | IV (четврта) година | VIII семестар | 1*1=1 |
| **Вкупно:** | | | | | **12 часа** |

| *Предмети Зимски семестар 2012/2013 година* | *Град* | *Насока* | *Студиска година* | *Семестар* | *Број на часови* |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Управувачко сметководство** | Струмица | Финансиски менаџмент | IV (четврта) година | VIII семестар | 2*2=4 |
| **2. Трговско право** | Струмица | Финансиски менаџмент | II (втора) година | III семестар | 3*2=6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3. Меѓународни сметководствени стандарди** | Струмица | Финансиски менаџмент | II (втора) година | III семестар | 1*1=1 |
| **4. Сметководствени информациони системи** | Струмица | Финансиски менаџмент | IV (четврта) година | VIII семестар | 1*1=1 |
| **Вкупно:** | | | | | **12 часа** |

| ***Предмети Зимски семестар 2013/2014 година*** | ***Град*** | ***Насока*** | ***Студиска година*** | ***Семестар*** | ***Број на часови*** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Управувачко сметководство** | Штип | Финансиски менаџмент | IV (четврта) година | VIII семестар | 2*2=4 |
| | Струмица | Финансиски менаџмент | IV (четврта) година | VIII семестар | 2*2=4 |
| **2. Меѓународни сметководствени стандарди** | Штип | Финансиски менаџмент | II (втора) година | III семестар | 1*1=1 |
| | Струмица | Финансиски менаџмент | II (втора) година | III семестар | 1*1=1 |
| **3. Меѓународни стандарди за финасиско известување** | Штип | Сме.финансии и ревизија | II (втора) година | III семестар | 2*2=4 |
| | Кочани | Финансиски менаџмент | II (втора) година | III семестар | 1*1=1 |
| | Радовиш | Финансиски менаџмент | II (втора) година | III семестар | 1*1=1 |
| **4. Анализа на финансиски извештаи** | Струмица | Финансиски менаџмент | II (втора) година | III семестар | 1*3=3 |
| **5. Сметководствени информациони системи** | Струмица | Финансиски менаџмент | IV (четврта) година | VIII семестар | 1*1=1 |
| **Вкупно:** | | | | | **20 часа** |

| ***Предмети Летен семестар 2013/2014 година*** | ***Град*** | ***Насока*** | ***Студиска година*** | ***Семестар*** | ***Број на часови*** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Финансиско сметководство** | Штип | Бизнис информатика | I (прва) година | II семестар | 2*1=2 |
| | Струмица | Финансиски менаџмент | I (прва) година | II семестар | 2*2=4 |
| **2. Ревизија** | Штип | Финансиски менаџмент | IV (четврта) година | VIII семестар | 1*1=1 |
| | Струмица | Финансиски менаџмент | IV (четврта) година | VIII семестар | 1*1=1 |
| **3. Анализа на финансиски извештаи** | Штип | Финансиски менаџмент | IV (четврта) година | VIII семестар | 1*1=1 |
| | Струмица | Финансиски менаџмент | IV (четврта) година | VIII семестар | 1*1=1 |
| **Вкупно:** | | | | | **10 часа** |

Резимирано, предмети на кои м-р Благица Колева, како помлад асистент, е ангажирана на Економски факултет - Штип се:

1. Управувачко сметководство
2. Финансиско сметководство
3. Сметководствени информациони системи
4. Меѓународни сметководствени стандарди
5. Меѓународни стандарди за финансиско известување
6. Анализа на финансиски извештаи
7. Ревизија

М-р Благица Колева е коавтор на една интерна скрипта од предавања од предметот Анализа на финансиски извештаи, во издание на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Економски факултет:

- Доц.д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, м-р Благица Колева, 2013, „***Анализа на финансиските извештаи***", Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Економски факултет.

***Научноистражувачка дејност***

М-р Благица Колева е автор на следниве научни и стручни трудови (трудовите се објавени и во електронскиот репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип):

1. Jovanova, Blagica (2008) *Финансовият анализ – инструмент на финансовия контрол*. Masters thesis, D. A. Tsenov Academy of Economics – Svishtov.
2. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Jovanova, Blagica (2012) *Влијание на глобализацијата врз процесот на сметководствена хармонизација*. In: Прва меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии „Од либерализација до глобализација"- предизвици во светот што се менува, 13-15 септември 2012, Штип, Република Македонија (кандидатката поседува сертификат за учество).
3. Kostadinovski, Aleksandar and Jovanova, Blagica (2012) *Трошоци и придобивки од меѓународните стандарди за финансиско известување*. In: ICBEF - International Conference for business, economics and finance, 13-15.09.2012, Economic Faculty – Stip (кандидатката поседува сертификат за учество).
4. Jovanova, Blagica and Kostadinovski, Aleksandar (2012) *Management on a human resource*. In: International Scientific Conference: Faces of the Crisis, Mart, 2012, Skopje (кандидатката поседува сертификат за учество).
5. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Jovanova, Blagica (2012) *The impact of the global financial crisis on small and medium enterprises financing*. In: International Scientific Conference "Faces of the Crisis", March, 2012, "Europian University" Skopje, Republic of Macedonia (кандидатката поседува сертификат за учество).
6. Jovanova, Blagica and Kostadinovski, Aleksandar (2011) *"Expectations gap" – current phenomenon in the contemporary auditing profession*. Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Економски факултет, Годишен зборник, 2011.
7. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Jovanova, Blagica (2011) *Инструменти на пазарот на кредити*. In: Годишен зборник 2011, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Економски факултет. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Штип, pp. 94-103. ISBN 1857-7628.
8. Josheski, Dushko and Jovanova, Blagica (2012) *External audit and the relation between internal auditors,supervisory body and external auditors of the banking sextor in the Republic of Macedonia*. Regulation of Financial Institutions eJournal, 14 (37). pp. 1-12.
9. Jovanova, Blagica (2012) *Сравнителен теоретичен анализ на теориите от класическия подход и възможности за приложението им в съвременната бизнес практика*. Меѓународна научна конференција, Трендови и предизвици во развојот на економијата.
10. Jovanova, Blagica and Kostadinovski, Aleksandar and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2012) *Control and audit - tools for preventing economy frauds*. Free University, Contemporary Managerial Practices VII. Projects and Regions, Burgas (кандидатката поседува сертификат за учество)

11. Jovanova, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2012) *Financial statements as "Business card" of business*. International Business School Botevgrad, Challenges in Contemporary Economy, IBS Press 2012.
12. Jovanova, Blagica and Kostadinovski, Aleksandar and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2012) *Internal Audit in Banks in a Function of Risk Management*. 5TH International Conference – Crisis Management Days, 24 and 25 May 2012, Velika Gorica, Croatia.
13. Jovanova, Blagica and Kostadinovski, Aleksandar and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2012) *Opportunities for cooperation between Macedonia and Bulgaria in the field of tourism as a tool against poverty*. International Conference "Regional Development in Bulgaria: Trends and perspektive" Sofija- Bulgaria.
14. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Kostadinovski, Aleksandar and Jovanova, Blagica (2012) *Transition to internatioanl financial reporting standards – needs and problems*. In: Contemporary managerial practices VII. projects and regions. University of Burgas,Burgas ,Bulgaria,pp.379-385.ISBN1313-8758 (кандидатката поседува сертификат за учество).
15. Kostadinovski, Aleksandar and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Jovanova, Blagica (2012) *Conflicts of interest in the accounting and auditing profession*. In:Sovremenni upravlenski praktiki VII proekti i regioni, Burgas (кандидатката поседува сертификат за учество).
16. Kostadinovski, Aleksandar and Jovanova, Blagica (2012) *Estimating current capital structure*. In: Деветта меѓународна научна конференција -Challenges in contemporary economy, 22-23 јуни 2012, Ботевград.
17. Kostadinovski, Aleksandar and Jovanova, Blagica (2012) *Koncepcija za obedinjavane na riska v zdravstvenoto osigurjavane*. In: Deseta nacionalna konferencija - Zastrahovatelnijat i osiguritelnijat pazar: Realnosti, vizija, ocekvanija i prioriteti za upravlenie na promjanata, 3-4 noemvri 2011, Sofija.
18. Jovanova, Blagica and Kostadinovski, Aleksandar (2012) *Marketingjat kato osnva za podobrjavane na pazarnija djal, finansofata stabilnost, konkurentosposobnostta i kacestvoto na obsluzvane na osiguritelnoto druzestvo*. In: Zastrahovatelnijat i osiguritelnijat pazar reaznosti, vizija, ocekvanija i prioriteti za upravlenie na promjanata, 3 - 4 noemvri 2011, Sofija.
19. Jovanova, Blagica (2011) *Финансови,инвестиционни и очетни проблеми на търговския бизнес*. Съвременни измерения на търговския бизнес - комуникация между наука и практика (1). ISSN 978-954-23-0592-7
20. Jovanova, Blagica and Kostadinovski, Aleksandar (2011) *Accounting as a control system*. International Jubilee Scientific Sonference, Economics and Management in the 21st Century-Solutions for Sustainability and Growth (кандидатката поседува сертификат за учество).
21. Jovanova, Blagica (2011) *Analaysis and observations from the rivision of the state budget of the Republic of Macedonia in the last 5 years*. International scientific assembly ES-NBE 2011 Economic Science in Function of Creating a New Business Environment.
22. Jovanova, Blagica (2011) *Difference between DAS 28 and IAS 28*. Management and Education, 1 (7). ISSN 13126121.
23. Jovanova, Blagica (2011) *International standard on auditing 800 the auditor`s report on special purpose audit engagements*. Management and Education, Burgas, 1 (7). ISSN 13126121.
24. Jovanova, Blagica (2011) *Theory Keynes-modern exit from crisis-problems and solutions*. International conference, Burgas (1). ISSN 9789549370782.
25. Kostadinovski, Aleksandar and Jovanova, Blagica (2011) *Planning capital investments*. In: Economics and Management in the 21st Century - Solutions for Sustainability and Growth, 8-9.11.2011, Svishov (кандидатката поседува сертификат за учество).
26. Kostadinovski, Aleksandar and Jovanova, Blagica (2011) *Impact of economic crisis on the world economy in Bulgaria and Macedonia*. Седма международна научна конференция на младите научни работници "Икономиката на България - пътят към еврото" University of National and World Economy (кандидатката поседува сертификат за учество).

27. Jovanova, Blagica (2010) *Оптимизам или нереални очекувања и надежи за решавање на глобалните проблеми со кои се соочуваат Европа и светот*. Јубилејна меѓународна научна конференција „Хоризонт 2020".
28. Jovanova, Blagica and Georgievski, Nikola (2005) *Организация на финансовия контрол в Република Македония*. "Теорията и практиката на контрола - състояние и перспективи" Сборник статии от Юбилейна научна сесия. ISSN 954-23-0246-0.
29. Fotov, Risto and Jovanova, Blagica (2012) *Стокообменъш между Р.Македония и Р.България*. Управување со бизнис. pp. 151-160.
30. Jovanova, Blagica (2010) *The Foreign Trade of Bulgaria in the Period 2000-2008 Trends and Problems*. Narodnostopanski arhiv, 1. ISSN 0323-9004

**Евалуација на трудот под реден број 1**

**„ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА – ИНСТРУМЕНТ НА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА", магистерски труд**

Магистерскиот труд на кандидатката се одликува со големо значење и комплексност, кои произлегуваат од обработката на исклучително актуелната проблематика од областа на сметководството - финансиската анализа, со обем од 204 страници. Кандидатката ги опфаќа суштинските, методолошките и применетите аспекти на финансиската анализа и финансиската контрола, кои се претставени како важни инструменти на контролната дејност на еден деловен ентитет. Методолошкиот пристап на анализата, контролата и проблемите во нивната организација и користење, се разгледани во услови на суштинската нормативна база на две соседни држави (Република Македонија и Република Бугарија), но и од аспект на нивната организација и поставеност во земјите на ЕУ. Трудот ги презентира првенствено теоретско - методолошките насоки на финансиската анализа, но опфаќа и некои основни карактеристики на анализата и контролата, од гледна точка на испитување на финансиските аспекти на бизнисот. Посебно внимание во трудот е посветен на организацијата на финансиската контрола во Република Македонија и во Република Бугарија. Направените резимеа и заклучоци за резултатите од контролната дејност во двете држави се илустрирани во повеќе фигури и дијаграми.

Значаен придонес на истражувањето претставува одговорот на важни прашања поврзани со развојот на контролата во услови на влез на анализираните држави во ЕУ. Ова доведува до заклучок дека трудот се одликува со одлична теоретско-методолошка разработка, меѓутоа ги синтетизира и проблемите во организацијата на финансиската анализа и контрола во Република Македонија и во Република Бугарија, со што предлага практични решенија за нивно усовршување.

**Евалуација на трудот под реден број 2**

**„ВЛИЈАНИЕ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВРЗ ПРОЦЕСОТ НА СМЕТКОВОДСТВЕНА ХАРМОНИЗАЦИЈА"**

Во овој труд авторот го анализира влијанието на глобализацијата врз процесот на сметководствената хармонизација, како и врз сметководствените системи и сметководствените професионалци. Глобализацијата претставува историски процес, дизајниран од потребата за зголемување на ефикасноста во алокација на ресурсите и развој на глобален светски пазар. Глобализацијата постанува нова димензија на светот. Главна цел на ова истражување е анализа на консеквенциите кои глобализацијата, преку нејзиниот развој и манифестации, ги предизвикува на полето на сметководството. Несомнено е дека сметководствениот систем има витална улога во целокупниот информативен процес во општеството и затоа се нарекува „заеднички јазик на бизнисот". Авторот преку истражувањето во трудот ја потврдува уште еднаш важноста на процесот на сметководствена хармонизација, во комплексниот механизам на промени и движења, кои ги носи современата глобализација.

**Евалуација на трудот под реден број 3**
**„ТРОШОЦИ И ПРИДОБИВКИ ОД МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ”**

Глобалното движење на стоките, услугите и капиталот го зголемува притисокот врз големите транснационални компании за поефикасен начин на организирање на своите бизниси, во насока на конвергирање и реорганизирање на елементите од националната инфраструктура, вклучувајќи ги пазарите, законската регулатива, сметководството и ревизијата, како и корпоративното управување. Процесот на глобализација на пазарите на капитал е главниот аргумент за развој и имплементирање на единствен сет на меѓународни стандарди за финансиско известување или на единствен „финансиски јазик“. Во трудот е анализирана целта и основите на меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ), кои стандарди се засновани на принципите одобрени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди. Авторот истакнува дека при секојдневното менување на економското сценарио во светските рамки, автентичноста на финансиските извештаи на компаниите изготвени според МСФИ претставува основа врз која инвеститорот и деловните луѓе можат да се потпрат. Ваквите извештаи се веродостојна слика на работењето на компаниите, сè додека даваат непристрасна оценка за нивната финансиска состојба и успешност. Но, на флексибилноста што ја овозможуваат МСФИ ѝ се препишува и определена слабост. Имено, слободата на претпријатијата при изборот на методите за презентирање на определени сметководствени категории дава можност финансиските извештаи да ги покажуваат само посакуваните резултати, односно остава простор за манипулација со приходите и профитот, прикривање на определени финансиски проблеми, што во краен случај може да резултира со измама.

**Евалуација на трудот под реден број 4**
**“MANAGEMENT ON A HUMAM RESOURCE”**

Природата на ревизорската работа го прави мерењето на резултатите на една организација мошне тешко. Раководењето со ревизијата е битна и главна задача со примарна улога и функција. Менаџерот на ревизијата има за цел на најдобар начин да ги искористи расположливите човечки ресурси. Во трудот се објаснети улогата и одговорноста на менаџерите на ревизијата, опис на работните задачи на главниот внатрешен ревизор во јавниот сектор, целите и одговорноста, планирање и надзор (супервизија), известување, меѓучовечките односи, професионалната одговорност и раководењето со ревизорските ресурси. Менаџерот на ревизијата го носи најголемиот дел од одговорноста во спроведувањето на ревизијата и се соочува со голем број одлуки, за време на извршувањето на ревизијата.

**Евалуација на трудот под реден број 5**
**“THE IMPACT OF THE GLOBAL FINANCIAL CRISIS ON SMALL AND MEDIUM ENTERPRISES FINANCING”**

Во овој труд се анализира влијанието кое глобалната финансиска криза го има врз малите и средните претпријатија. Актуелниот проблем кај малите и средните претпријатија во обезбедување на доволно финансиски средства, претставува заеднички предизвик за сите финансиски институции. Оттука се бара решение како да се обезбедат доволно финансиски средства за малите и средните претпријатија, како да се олесни нивниот пристап до потребните финансии, како да се пронајдат финансиски шеми со кои ќе се промовира нивниот одржлив развој. Многу мали и средни претпријатија се принудени да банкротираат поради недостаток на финансии, предизвикан од сериозната финансиска и економска кризи со кои се соочува светската економија.

**Евалуација на трудот под реден број 6**

**"EXPECTATIONS GAP" – CURRENT PHENOMENON IN THE CONTEMPORARY AUDITING PROFESSION**

Во овој труд авторот го толкува феноменот на „јазот во очекувањата" во современата ревизорска професија, преку теренското испитување на факторите од кои зависи. Синергетскиот спој на различните аспекти на ревизорската функција, без дилема, ги определува клучните фактори коишто влијаат на појавата, еволуцијата и постојаното присуство на феноменот на јазот во очекувањата во ревизорската професија во развиените економии. Во таа насока, доколку се земе предвид природата на јазот во очекувањата, набљудувана од аспект на факторите коишто имаат најголемо влијание врз неговото постојано опстојување и проширување, неизбежен е впечатокот за илузорноста на очекувањата за неговото целосно затворање и отстранување, во сите домени на ревизорската професија. Имено, јазот во очекувањата отсекогаш постоел, постои денеска и, без сомнение, ќе продолжи да опстојува и во иднина. Основната дилема за ревизорите се сведува на изнаоѓање соодветни решенија по однос на прашањето како со него да живеат, да работат и нормално да функционираат, во улога на високопочитувани професионалци во областа на ревизијата. Феноменот на јазот во очекувањата, за кој се смета дека има долга историја, идентична со онаа на ревизијата на претпријатијата, укажува на постоење на неусогласеност помеѓу согледувањата на корисниците на ревизорските услуги, од една страна, и ревизорите, од друга страна, по прашањето на квалитетот на понудените и спроведените ревизорски услуги. Со други зборови кажано, постои значителна разлика помеѓу она за што ревизорите веруваат дека во форма на извештај за извршената ревизија го предложиле и укажале на оние кои тоа ги интересира и она за што корисниците на ревизорските услуги де факто сфатиле дека е кажано и порачано. Актуелноста на феноменот на јазот во очекувања, во современата ревизорска теорија и практика, го даде првичниот импулс за негово поопсежно расветлување, при што во фокусот на вниманието ќе бидат главните аспекти на ревизорската функција на кои, во основа, се должат факторите коишто влијаат на неговото појавување и продлабочување, со цел да се укаже на можните алтернативи за негово стеснување и ублажување.

**Евалуација на трудот под реден број 7**

**„ИНСТРУМЕНТИ НА ПАЗАРОТ НА КРЕДИТИ"**

Овој труд го анализира пазарот на кредити, кој претставува еден сегмент од финансискиот пазар на економијата, на кој се тргува со голем број инструменти. Како и класичниот пазар на стоки и услуги и овој пазар е место на коешто секојдневно се јавуваат нови финансиски производи и услуги, кои континуирано ги следат современите трендови на развојот и потребите на клиентите. Финансиските институции на кредитниот пазар нудат голем број различни инструменти, кои мора да се анализираат внимателно, со цел да се пронајдат најповолните инвестициски алтернативи коишто даваат највисок принос, со најниски трошоци. Овде се обработени кредитите како основен инструмент на понуда и побарувачка на пазарот на кредити и обврзниците, кои по многу карактеристики се слични со нив.

**Евалуација на трудот под реден број 8**

**"External audit and the relation between internal auditors, supervisory body and external auditors of the banking sector in the Republic of Macedonia"**

Во овој труд авторот ги анализира различните видови ревизија, како што се: финансиската ревизија, регулаторната ревизија, оперативната ревизија, ревизијата на перформансите, ревизијата на информациските системи, ревизијата од аспект на животната средина и други. Но, во основа, се разликуваат два вида ревизија, на кои им е посветено и главното внимание во овој труд: надворешна ревизија и внатрешна ревизија. Во трудот се анализираат главните цели на надворешната и внатрешната ревизија, нивната улога и одговорност, како и релацијата помеѓу внатрешните ревизори и надворешните ревизори и разликите кои постојат меѓу нив.

**Евалуација на трудот под реден број 9**

**„СРАВНИТЕЛЕН ТЕОРЕТИЧЕН АНАЛИЗ НА ТЕОРИИТЕ ОТ КЛАСИЧЕСКИЯ ПОДХОД И ВЪЗМОЖНОСТИ ЗА ПРИЛОЖЕНИЕТО ИМ В СЪВРЕМЕННАТА БИЗНЕС ПРАКТИКА”**

Во трудот „Компаративна теоретска анализа на теориите од класичниот пристап и можности за примена во современата деловна пракса” авторот има за цел да направи компаративна анализа на погледите на неколку позначајни теоретичари од класичната теорија на економијата, со цел да се идентификува кои од правилата утврдени со нив ќе им помогнат на менаџерите во водењето на бизнисот. Во теоријата на менаџментот има јасно одвоени школи и насоки кои го изразуваат своето мислење, позиции и однос на авторите - творци на одделните школи. Еден од основните и најкарактеристични насоки е класичниот пристап. Иако основните ставови и позиции на авторите од овој пристап се основани пред повеќе од 120 години, со анализата во овој труд, авторот заклучува дека некои расудувања би можеле да се применат во практиката и во моментот.

**Евалуација на трудот под реден број 10**

**“CONTROL AND AUDIT – TOOLS FOR PREVENTING ECONOMY FRAUDS“**

Во овој труд авторот разгледува прашања поврзани со областите: сметководство, ревизија и контрола. Сметководството како информативен и контролен систем извршува голем број функции во една компанија. Независно од карактерот на составот и содржината на функциите на сметководството, посебно место меѓу нив има контролата. Од една страна, сметководството спроведува контрола врз расположливите средства во организацијата, а од друга страна се користи како алатка за обезбедување на информации неопходни при надворешена и внатрешна контрола и ревизија на работењето. Ова е така бидејќи дигиталните податоци и информации што ги генерира сметководствениот систем имаат суштинско значење за прибирање на факти и докази при контролната активност. Ревизијата и контролата несомнено имаат суштинско значење за подобрување на вкупната активност на организацијата и активностите кои се конкретно насочени кон надминување на слабостите во организацијата. Предусловите за присуството на слабости, пак, се типични и за порокот наречен економска измама. На овој начин се создава и врската помеѓу правото и правните норми од една страна и сметководството, ревизијата и контролата од друга страна. За да функционира ваквата врска, сметководство треба да создаде соодветна база на информации, кои ќе им служат на потребите на контролата и ревизијата. Ревизијата, како и контролата, се практики добро познати во секоја современа организација. Тие користат различни техники, методи и средства, со чие користење може да се придонесе за намалување, спречување, избегнување или откривање на економските измами.

**Евалуација на трудот под реден број 11**

**FINANCIAL STATEMENTS AS “BUSINESS CARD” OF BUSINESS**

Авторот во овој труд ги анализира финансиските извештаи, кои претставуваат корисна алатка за прикажување на економската реалност за работењето на деловните субјекти, неопходно потребна на врвниот менаџмент на една компанија и останатите корисници (стејкхолдери). Финансискиот извештај претставува не само слика со која се претставува состојбата на организацијата во даден момент, туку и алатка врз основа на која се спроведуваат анализи и се одлучува за важни трансакции или инвестиции во претпријатието. Анализата на финансиските извештаи помага во јасно согледување на финансиската состојба, перформанси, парични текови и капитал на едно претпријатие, врз основа на која се донесуваат главните одлуки за иднината на деловниот субјект. При изразување на економските позиции на деловниот субјект потребно е правилно да се применат и/или интерпретираат податоците од финансиските извештаи. Главните квалитативни карактеристики кои треба да ги поседуваат финансиските извештаи се: квалитативно проверени, релевантни, навремени, верифицирани и веродостојни, непристрасни финансиски информации, ослободени од секакви предрасуди. Овие атрибути претставуваат главна подлога за анализа на финансиските извештаи и изведување заклучоци за три временски димензии на деловниот субјект: минатото, сегашноста и иднината.

**Евалуација на трудот под реден број 12**
**“INTERNAL AUDIT IN BANKS IN A FUNCTION OF RISK MANAGEMENT”**

Авторот во овој труд ја анализира внатрешната ревизија во банките, како независна активност која обезбедува објективно и стручно мислење за нивното работење, кое е советодавно по карактер и чијашто основна цел е зголемување на вредноста и подобрување на работењето на банката. Филозофијата на внатрешната ревизија се согледува во континуираното следење на целокупното работење на банката, со цел да се провери дали банката систематски управува со ризиците кои произлегуваат од оперативните активности на банката, во согласност со принципите на стабилно работење, вклучувајќи управување со ресурсите на информациската технологија и други поврзани технологии. Развојот на сè пософистицираниот начин на банкарско работење ја зголемува изложеноста на банките на разни видови ризици. Ваквиот тренд на работењето на банките детерминира значајно проширување на обемот на процесот на внатрешна и надворешна контрола, во насока на опфаќање и следење на управувањето со сите ризици со кои се соочуваат банките во своето работење. Доброто управување со ризикот има суштинско значење за успешниот развој на банките. Преку вклучување на соодветни човечки и останати ресурси, вклучувајќи го и секторот за управување со ризик, одбори за управување со ризици и редовно известување, ризиците својствени за банкарските активности можат да бидат лесно идентификувани, проценети, надгледувани и правилно управувани. За оваа цел, банките постојано треба да го развиваат системот за управување со ризик, паралелно со својот раст, преку инвестирање во посветен кадар за управување со ризик.

**Евалуација на трудот под реден број 13**
**“OPPORTUNITIES FOR COOPERATION BETWEEN MACEDONIA AND BULGARIA IN THE FIELD OF TOURISM AS A TOOL AGAINST POVERTY”**

Туризмот нуди многу можности за развој и бизнис во секоја национална економија. Во овој труд се анализирани можностите за воспоставување на заеднички иницијативи во областа на туризмот помеѓу Република Бугарија и Република Македонија. Основната цел е да туристичката понуда од страна на двете земји да биде на високо ниво, а од друга страна да се постигне целосно задоволување на туристичката побарувачка, со што ќе се зголеми вработеноста во туристичките региони на двете земји, како ефикасно средство за надминување на сиромаштијата. Според наодите од овој труд, развојот на туризмот треба да се заснова покрај на изградба на физичката инфраструктура, така и на елементи од областа на т.н. „меки елементи” на развој: квалитет на туристичките услуги во најширока смисла, развој на човечките ресурси, промоција на креативноста и иновацијата. Соодветно на ова, основната стратегија за развој на туризмот мора да биде дизајнирана така што ќе се земе предвид интеграција на сите потребни елементи на локално, регионално и национално ниво.

**Евалуација на трудот под реден број 14**
**“TRANSITION TO INTERNATIOANL FINANCIAL REPORTING STANDARDS – NEEDS AND PROBLEMS”**

Во овој труд се анализирани потребите и проблемите поврзани со процесот на конвергенција на финансиското известување на националните земји кон примена на МСФИ. Напорите за успешна примена на МСФИ во сметководствените практики на одделните земји се поврзани со потребата од дефинирање на целосна стратегија за спроведување на овој процес, креирање на план *чекор по чекор*, ангажирање на сите потребни ресурси за негова реализација и интеграција на промените во секојдневните активности на компаниите. Висококвалитетните меѓународни стандарди за финансиско известување ја зголемуваат споредбата помеѓу финансиските извештаи на компаниите од различни земји, како и довербата на инвеститорите во носењето на деловните одлуки.

**Евалуација на трудот под реден број 15**

**“CONFLICTS OF INTEREST IN THE ACCOUNTING AND AUDITING PROFESSION“**

Во овој труд се анализирани судирите на интереси кои може да се јават помеѓу двете професии: сметководствената и ревизорската професија. Сметководството и ревизијата се сложени процеси. Нивните клучни карактеристики се тоа што треба да нудат одредено ниво на сигурност и издадените сметководствени извештаи да се во согласност со основните економски реалности.

**Евалуација на трудот под реден број 16**

**“ESTIMATING CURRENT CAPITAL STRUCTURE“**

Доверителите и акционерите очекуваат да бидат компензирани за направените трошоци за инвестирање на нивните средства во еден одреден бизнис. Пресметаниот просечен трошок на капиталот (WACC) е есконтната стапка,или временската вредност на парите, што се користи за претворање на очекуваниот - иден слободен готовински тек во сегашна вредност. Овој труд го опишува првиот чекор во проценката на WACC, односно утврдувањето на структурата на капиталот на компанијата.

**Евалуација на трудот под реден број 17**

**„КОНЦЕПЦИЯ ЗА ОБЕДИНЯВАНЕ НА РИСКА В ЗДРАВНОТО ОСИГУРЯВАНЕ“**

Овде се разгледани и анализирани најважните императиви на ризикот во здравственото осигурување, како што се: потребата да се создадат соодветни и веродостојни системи за управување, да се обезбеди собирање и управување со финансиите и да се осигура дека услугите се на одредено квалитативно ниво. Сето ова ја нагласува потребата од долгорочна доверба во институциите на здравството, соодветен проток на адекватни информации и сигурно спроведување на договорите. Сето ова ја истакнува потребата од зајакнување на интеграцијата на обединување на ризикот во здравството. Сепак, постојат дебати во однос на тоа како таа може да се применува во земјите со низок и среден приход. Треба да се нагласи дека дизајнот на системот е контингент на локални околности, кои треба да се имаат предвид со цел интеграцијата да биде успешно претставена.

**Евалуација на трудот под реден број 18**

**“MARKETING AS A MAIN METHOD TO IMPROVE MARKET SHARE, FINANCIAL STABILITY, COMPETITION AND QUALITY SERVICE TO INSURANCE COMPANIES“**

Во овој труд се анализирани проблемите со кои се соочуваат модерните осигурителни компании, како и маркетингот, како основен начин за подобрување на уделот на пазарот, финансиската стабилност, конкурентноста и квалитетот на услугите на осигурителните компании, кои бараат нов пристап кон работењето. Осигурувањето е еден облик на управување со ризик, првенствено насочен кон намалување на финансиските губитоци. Осигурувањето е пренос на ризикот од осигуреникот врз осигурителното друштво, со плаќање на премија за осигурување. Денешните трендови условуваат потреба од приспособување на осигурителните системи, со цел да се поттикне осигурителната активност и да се обезбедат адекватни права за сите. Во таа смисла осигурителните компании треба да ја зголемат комуникацијата со бизнисот, да се објаснат предностите на дополнителното осигурување, да се подобри комуникацијата со јавноста, како главен регулатор на осигурителниот систем и на законодавецот.

**Евалуација на трудот под реден број 19**

**„Финансиски, инвестициони и извештајни проблеми на трговскиот бизнис“**

Овој труд ги обработува финансиските, инвестициските и извештајни проблеми во трговскиот бизнис. Целта на трудот е да биде претставена целосна алтернатива за решавање на проблемите во трговскиот бизнис. Овие проблеми постоеле секогаш, но со почетокот на кризата во 2007 година тие се продлабочуваат и стануваат доста сериозни и забележливи, како во големите, така и во малите претпријатија. Трудот ги презентира

основните канали за појава на влијанието на кризата во трговскиот бизнис: намалување на раст на пазарите во ЕУ и САД, со што се намали растот и на извозот, намалување на директните странски инвестиции, што доведе до слаба инвестициска активност и намалување на растот на кредитирање во економијата, со кои се намалува приливот на капитал и генерално забавување на економската активност (рецесија). Намалувањето на меѓународните цени како последица на кризата се одрази во пониски цени на извозот и увозот, што доведува до намалување на цените во земјата. Како резултат на кризата, на пазарот ќе останат само најсилните организации, а кои се тие ќе покажат пред сѐ нивните стратегии за справување со негативните влијанија на кризата.

**Евалуација на трудот под реден број 20**
**"ACCOUNTING AS A CONTROL SYSTEM"**

Авторот во трудот го анализира сметководството, во функција на контролен систем. Заради постигнување на ефикасност, секој систем на контрола треба да биде соодветен, да функционира конзистентно, во согласност со планот, да го почитува трошоци / ефект принципот. Контролите се спроведуваат во целата организација, на сите нивоа и кај сите функции на една организација. Контролата е начин да се постигне ефикасност, преку постојано следење, оценување, споредување, помошни активности и влијанија врз идните ситуации. Функцијата „контрола" претставува следење и споредување на остварените резултати со претходно планираните и вршење на навремени промени во индивидуалните и групните однесувања во организацијата како целина.

**Евалуација на трудот под реден број 21**
**"ANALYSIS AND OBSERVATIONS FROM THE REVISION OF THE STATE BUDGET OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA IN THE LAST 5 YEARS"**

Во овој труд е анализирана ревизијата на државниот Буџет на Република Македонија во последните пет години. Годишниот план за финансирање на функциите и обврските на Република Македонија, на единиците на локална самоуправа и на фондовите, а се состои од годишна проценка на приходите и на трошоците по намени, се нарекува основен буџет. Буџетот се изготвува на годишно ниво, што значи секоја наредна година се изготвува нов. За да се утврди дали Буџетот задоволил некои основни услови, односно дали бил: ефикасен, ефективен, законски и наменски користен, усогласен итн., секоја година Државниот завод за ревизија врши финансиска ревизија, ревизија на успешноста и ревизија на регуларноста. По извршената ревизија, заклучоците од спроведената ревизија во писмена форма се испраќаат до Министерството за финансии, каде детално се објаснуваат и ако е потребно се даваат и соодветни препораки. Од направената анализа на резултатите од спроведените ревизии на Буџетот на Република Македонија се согледува следното: дали дадените препораки во конечниот извештај за системот на интерни контроли во постапката на планирањето на Буџетот на Република Македонија се спроведени, дали постојат контроли кои ќе осигураат законитост, целосност, точност и навременост во процесот на прибирање на изворните приходи на Буџетот на Република Македонија, дали контролните постапки функционираат ефикасно и правилно при откривањето или спречувањето на грешките во процесот на спроведувањето на Буџетот, дали финансискиот извештај вистинито и објективно го искажува резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

**Евалуација на трудот под реден број 22**
**"DIFFERENCE BETWEEN DAS 28 AND IAS 28"**

Во овој труд се анализирани детерминантите и ефектите на разликите помеѓу националните и меѓународните сметководствени стандарди, пред сѐ стандардите кои се однесуваат на вложување во придружени ентитети.

**Евалуација на трудот под реден број 23**

**“INTERNATIONAL STANDARD ON AUDITING 800 THE AUDITOR’S REPORT ON SPECIAL PURPOSE AUDIT ENGAGEMENTS“**

Целта на авторот во овој труд е да ги покаже и потенцира главните карактеристики на меѓународниот стандард за ревизија 800, МСР 800 „Ревизорскиот извештај за ревизорски ангажмани со посебна намена”. Дадено е објаснување како треба да се изготви одреден финансиски извештај, подготвен во согласност со сеопфатната основа на сметководството и компонентите на финансиските извештаи. Опфатени се карактеристиките на ревизорските извештаи за ревизорските ангажмани со посебна намена, регулирани во МСР 800. Стандардот ги регулира условите кои мора да се почитуваат при изготвување на ревизорските извештаи, наведени во него.

**Евалуација на трудот под реден број 24**

**“THEORY KEYNES - MODERN EXIT FROM CRISIS - PROBLEMS AND SOLUTIONS“**

Во трудот е објаснета и анализирана една теорија, чијашто цел е излез од економската криза, како и решавање на проблемите во истата. Во услови на актуелната криза, економистите бараат не само нови решенија, но и прават обиди за враќање или рехабилитирање на една или друга теорија со цел да најдат ефективен излез. Така, во последните три години интелектуалните пребарувања се вратија кон една реална теорија во 20 век - теоријата на Кејнз. Во трудот се поставува и анализира прашањето дали оваа теорија е применлива во денешни услови?

**Евалуација на трудот под реден број 25**

**“PLANNING CAPITAL INVESTMENTS“**

Трудот поставува јасна рамка на чекори кои ги водат претпријатијата во процесот на планирањето на капиталните трошоци, кое е мошне значајно за долгорочната финансиска стабилност, особено во услови на интензивна инвестициска активност. Точното планирање на располагањето со средствата придонесува за навремено преземање на планираните инвестициски зафати на компаниите, без притоа да се наруши ликвидноста и солвентноста на истата. Тесната поврзаност меѓу сметководственото планирање и портфолио -анализите, кои се вршат во компаниите, а кои од своја страна се поврзани со инвестициските вложувања и планирањето на инвестициите како дел од интегралниот процес на сметководственото планирање се протега на три основни подрачја: избор на инвестициски проект, определување на вкупниот износ на капиталните издатоци што ќе ги направи компанијата и дефинирање на можните начини на финансирање на инвестицискиот портфолио.

**Евалуација на трудот под реден број 26**

**“IMPACT OF ECONOMIC CRISIS ON THE WORLD ECONOMY IN BULGARIA AND MACEDONIA“**

Во трудот е анализирано какво влијание има светската економска криза врз економијата на Република Македонија и Република Бугарија. Рецесија е збор кој одекнува широко низ светот и постои на глобално ниво. Се појави како пандемија и се шири со голема брзина, со различни симптоми во секоја земја, некаде повеќе, некаде помалку. Секаде се бара помош, се прават планови, стратегии за надминување на кризата, се лекуваат последиците, но сепак не се познати причините. Како настапи, до кога ќе трае и кога ќе заврши? Берзите во сите држави почнаа драстично да паѓаат, големите компании имаат намалена добивка за голем процент, со губење на милиони долари месечно. Луѓето веќе не инвестираат, тие се плашат. Медиумите се најголемиот извор на паника и страв, како и најголем извор на пренос на пандемијата наречена рецесија.

**Евалуација на трудот под реден број 27**

**„ОПТИМИЗАМ ИЛИ НЕРЕАЛНИ ОЧЕКУВАЊА И НАДЕЖИ ЗА РЕШАВАЊЕ НА ГЛОБАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ЕВРОПА И СВЕТОТ“**

Овој труд ја анализира новата стратегија на Европската унија во однос на проблемите предизвикани во последните години, од човековата активност врз животната средина. Таа идентификува конкретно формулирани цели и приоритети за европскиот развој и економија, кои ќе придонесат за намалување на негативните влијанија кои се и фактори за создадените глобални проблеми во светот. Трудот ги презентира глобалните проблеми поврзани со животната средина и одржливиот развој, на кои се базира и стремежот да се преземат неопходните мерки во областа на новите предизвици за светот, што произлегуваат претежно од климатските промени и природните ресурси. Генерално е анализирано како зелената економија на Европската унија се базира на воспоставување на одржлив економски развој и економски раст. Авторот во трудот истакнува дека преку своите позиции, Европската унија треба да обезбедува развој, иновации и технологија, кои овозможуваат реализација на приоритетите и истовремено ги зајакнуваат конкурентните позиции на Унијата. Истакнува дека е потребно да се комбинираат различни компоненти и индикатори, кои одговараат соодветно на начинот на изградбата на зелената економија, во согласност со силно изразената еколошка ориентација.

**Евалуација на трудот под реден број 28**

**„ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКАТА КОНТРОЛА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“**

Во овој труд се претставени и анализирани органите во состав на Министерството за финансии во Република Македонија: Управа за финансиска полиција, Царинска управа, Државен девизен инспекторат, Управа за јавни приходи, Дирекција за спречување на перење пари, Управа за имотно-правни работи. Трудот ги презентира надлежностите и составот на Управата за финансиска полиција, како орган со посебни овластувања, согласно со Законот за кривична постапка, кој се грижи за доследна примена на прописите, особено од областа на финансиското, даночното и царинското работење. Со новиот закон прецизно се уредени надлежностите и овластувањата на Управата за финансиска полиција при откривање и гонење на сложени форми на организиран финансиски криминал во Република Македонија. Анализата направена во овој труд ги евалуира надлежностите кои ги има Управата за финансиска полиција: спроведување финансиска контрола, следење на примената на даночните, царинските и други прописи од областа на финансиите, прибирање и анализирање податоци за готовински трансакции, преземање предистражни и други мерки кога постојат основи на сомнение за сторени кривични дела од областа на организиран финансиски криминал и кривични дела коишто се гонат по службена должност, како што се: даночно затајување, перење пари и други приноси од казниво дело, даночни, банкарски, осигурителни, берзански, царински и други измами, со износи од значителни и големи размери. Овој труд посебно внимание им посветува на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола, кој го координира и унапредува системот на јавна внатрешна финансиска контрола, преку неговите три компоненти: финансискиот менаџмент и контрола, внатрешната ревизија и нивната хармонизација. Одделението за внатрешна ревизија на Министерството за финансии планира, организира и спроведува ревизии, согласно со законските прописи, меѓународните стандарди за внатрешна ревизија, воспоставените ревизорски политики и етичкиот кодекс.

**Евалуација на трудот под реден број 29**

**„СТОКООБМЕНЪТ МЕЖДУ Р.МАКЕДОНИЯ И Р.БЪЛГАРИЯ“**

Предмет на трудот е прогресот и предизвиците за ефикасна соработка и размена на стоки и услуги меѓу Република Македонија и Бугарија. Во трудот е направена компаративна анализа на надворешниот сектор помеѓу Република Македонија и Република Бугарија за 2009 и 2010 година, анализиран е режимот на надворешно-трговската размена на стоки на Република Македонија во рамките на билатералните спогодби за слободна трговија и утврдувањето на доходната и ценовната еластичност на увозот и извозот на Република

Македонија. Суверените национални економии имаат неприкосновено и автономно право да ги одредуваат мерките и инструментите на надворешната трговија на начин, кој сметаат дека најмногу ќе придонесе за заштита на стратешките интереси на националното стопанство и за вкупниот економски развој на земјата. Притоа, се должни да водат сметка и за правата и интересите на останатите легитимни субјекти во меѓународната трговија. Со оглед на тоа што вкупните текови во меѓународната економија се од општ интерес за вкупниот економски напредок и благосостојбата во светот и имаат влијание врз одделниот развој на секој од учесниците во меѓународната трговија, речиси секогаш решенијата и мерките што ги преземаат имаат влијание врз другите трговски партнери.

**Евалуација на трудот под реден број 30**
**“The Foreign Trade of Bulgaria in the Period 2000-2008-Trends and problems“**

Авторот се фокусира на актуелниот и значаен проблем на Република Бугарија, поврзан со водењето на нејзината надворешна политика. Предмет на истражување е периодот 2000 - 2008 година. Разгледани се десетте водечки држави во увозот и извозот, преку анализирање на општите показатели за размената на стоката. Во разработката на трудот се формулирани основни заклучоци кои се однесуваат на главните тенденции и проблеми во однос на размената меѓу десет водечки држави, на релација увоз и извоз, за време на разгледаниот период. Истражувањето се заснова на објавените статистички податоци за движењето на надворешната трговија на Република Бугарија, на податоците од веб-страницата на Министерството за економија, енергетика и туризам - http:www.mi.goverment.bg и останата надворешно-трговска статистика.

***Конференции или науни собири***

М-р Благица Колева покрај објавените научни и/или стручни трудови учествува со презентација на неколку меѓународни конференции во земјава и во странство.

**Во земјава:**

– First International Conference for Business, Economy and Finance - ICBEF 2012, Faculty of Economics, Shtip, University “Goce Delcev” – Shtip, Macedonia, труд 1.
– First International Conference for Business, Economy and Finance - ICBEF 2012, Faculty of Economics, Shtip, University “Goce Delcev” – Shtip, Macedonia, труд 2.
– Faces of the Crisis, 09.03-10.03.2012, Skopje, European University, труд 1.
– Faces of the Crisis, 09.03-10.03.2012, Skopje, European University, труд 2.

**Во странство:**

– International Conference “Contemporary Management Practices VII” Projects and Regions Burgas. trud 1.
– International Conference “Contemporary Management Practices VII” Projects and Regions Burgas. trud 2.
– International Conference “Contemporary Management Practices VII” Projects and Regions Burgas. trud 3.
– International jubilee science conference “Economy and management in 21st century - solutions for stability and growth” November 2011, Svishtov, Bulgaria trud 1.
– International jubilee science conference “Economy and management in 21st century - solutions for stability and growth” November 2011, Svishtov, Bulgaria trud 2.
– Седма международна научна конференция на младите научни работници „Икономиката на България - пътят към еврото” University of National and World Economy.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

- Труд во стручно-научно популарно списание „The Business Management Journal“ во странство – Р.Бугарија.
- Труд во стручно-научно популарно списание „The Narodostopanski Arhiv“ во странство – Р.Бугарија.
- Труд во стручно-научно популарно списание „Management and education“ во странство – Р.Бугарија.
- Труд во стручно-научно популарно списание „Management and education“ во странство – Р.Бугарија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата за избор на асистент за научната област сметководство на Економскиот факултет во состав на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, по разгледувањето на поднесената документација од страна на пријавените кандидати, едногласно го донесоа следниов заклучок.

Кандидатката м-р Марија Јованова нема доставено листа со објавени научни и стручни трудови, ниту пак потврда за работно искуство во областа за којашто конкурира (кандидатката магистрирала во 2013 година). Согласно со ова, кандидатката м-р Марија Јованова не ги исполнува формалните услови за избор во наведеното звање, наведени во Конкурсот и во Законот за високото образование.

По прегледот на доставената документација, Комисијата оцени дека кандидатката м-р Благица Колева, магистер по економски науки од областа на сметководството, покрај доставената комплетна документација која се бара, покажува и перманентен интерес и желба за научно напредување. Ова се потврдува со многубројните објавени научни и стручни трудови, учество на меѓународни, домашни конференции и семинари со стручна проблематика. Кандидатката м-р Колева се истакнува и со плодна педагошка активност, покажувајќи висок степен на знаење и стручност во перманентниот ангажман како помлад асистент, на повеќе предмети од областа на сметководството на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во изминатиот период. Научноистражувачката работа на кандидатката е контиунуирана и ја потврдува нејзината ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката област, како и стручност во наставно-научната област сметководство, за којашто конкурира.

Комисијата имаше чест да рецензира опус на еден солиден и квалитетен научен работник и иден успешен соработник, и затоа со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, кандидатката **м-р Благица Колева** да се избере во звање **асистент за научната област сметководство**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска – претседател, с.р.**
**Доц. д-р Александар Костадиновски – член, с.р.**
**Доц. д-р Јанка Димитрова – член, с.р.**

## П Р И Л О Г

### Табела за вреднување на активностите на м-р Благица Колева, помлад асистент, во реизборниот период 2011-2014 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| | Вид на активност | Број | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Земја | Странство | |
| | **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | | |
| **1.** | **Интерна скрипта од предавања** „Анализа на финансиски извештаи“, Економски факултет | 1 | 4 | / | 4 |
| **2.** | **Реализација на вежби** (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии) | **Вкупно 64** | **64/2(семестри)=32*0,5=16** | | |
| **3.** | **Член во комисија за прием на документи и уписи на студенти 2011/2012; 2012/2013; 2013/2014;** | 3 | 2 | / | 6 |
| **4.** | **Член на комисија за проверка на студентско досие** | 1 | 2 | / | 2 |
| | **Вкупно за наставно-образовна дејност** | | | | **28** |
| | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | | | | |
| **5.** | **Одбранет магистерски труд** | 1 | 4 | / | 4 |
| **6.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во** (СЦИ/ЦА/**останати**) (29) | 1 | / | 3 | 3 |
| **7.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир** (2,3,4,5,8,9,10,11,12,13,14,15,16,17,18,19, 20,21,24, 25,26,27,28) | 23 | | 2*23=46 | 46 |
| **8.** | **Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови (Годишен зборник на Економски факултет - Штип)** (6,7) | 2 | 2*1 | / | 2 |
| **9.** | **Учество на научен собир со реферат (усно, потврдено со сертификат за учество) во земјава** (2,3,4,5) **во странство** (10,14,15,20,25,26) | Странство – 6 (усно) Во земјата – 4 (усно) | 1,5*4= 6 | 2*6=12 | 18 |
| **10.** | **Учесник во научен проект (во земјата)** – „Бир ики“ – „Ликовен еко монмарт“ – „Кружно движење на отпадот“ **(во странство)** – „Ефикасност и економски раст на индустрискиот бизнис во современите услови“ | 3 | 3*2=6 | 1*3=3 | 9 |
| | **Вкупно за научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | | | | **82** |
| | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | | |
| **11** | **Труд во научно-стручно популарно списание** (22,23,30) | 3 | / | 6 | 18 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **12** | **Техничко унапредување**<br>– проценител со општо овластување за проценка од областа на трговско друштво, јавно претпријатие и други правни лица<br>– овластен сметководител | 2 | 2 | / | 4 |
| | **Вкупно за стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | | **22** |
| | **Вкупно:** | **132** | | | |